Врз основа на член 71-в од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19 и 92/21), Министерот за информатичко општество и администрација го распишува следниот

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**За избор на 1 (еден) член - независен експерт на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)**

**I**. Министерот за информатичко општество и администрација распишува јавен конкурс за избор на 1 (еден) член - независен експерт на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (Broadband Competence Office), (во понатамошниот текст НКБК).

**II.** За член - независен експерт на НКБК се избира лице кое:

-има македонско државјанство/ граѓанин на Република Северна Македонија;
-во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
-има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование од областа на информациско комуникациските технологии;
-има најмалку десет години работно искуство во областа на информациско комуникациските технологии;
-се стекнало со препорака за соодветно познавање од областа на бродбендот и
-ќе достави изјава заверена на нотар дека блиски лица не се вработени во оператор и дека немаат склучено договор за соработка со истиот, дека не се сопственици на удели или акции, директно или индиректно во оператори и дека не се членови на управен или надзорен орган или да вршат раководна функција во оператор.

**III.** Се повикуваат заинтересираните лица кои со своето експертско и советодавно мислење ќе дадат поддршка на инвестициите во бродбенд мрежите, кон пријавата за учество на јавниот конкурс да достават и
-доказ за државјанство на Република Северна Македонија, во оригинал или копија заверена на нотар;
-доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност издадена од надлежен суд, во оригинал или копија заверена на нотар;
-уверение за стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование од областа на информациско комуникациските технологии, во оригинал или копија заверена на нотар;
-доказ за работно искуство најмалку десет години од областа на информациско комуникациските технологии, во оригинал или копија заверена на нотар;
-препорака за соодветно познавање од областа на бродбендот, со која се потврдува дека имаат познавања на: домашната и Европската регулатива за електронски комуникации (особено за бродбенд) и за користење на државна помош за развој на бродбенд; стратешко планирање,


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

развој и работење со бродбенд мрежи; техничките решенија, инвестициските и бизнис модели, условите за избор на оператор, ценовната политика и користењето на апликации за планирање и дизајнирање на електронски комуникациски мрежи, географски информациски системи и други апликации кои се важни за надлежностите на НКБК, во оригинал.

-изјава заверена на нотар дека блиски лица не се вработени во оператор и дека немаат склучено договор за соработка со истиот, дека не се сопственици на удели или акции, директно или индиректно во оператори и дека не се членови на управен или надзорен орган или да вршат раководна функција во оператор, во оригинал.

**IV.** Министерот за информатичко општество и администрација донесува решение за избор на независен експерт член на НКБК, со мандат од 5 (пет) години.

**V.** При изборот на независниот експерт член на НКБК, министерството за информатичко општество и администрација го задржува правото да спроведе интервјуа со кандидатите кои ги исполнуваат условите од овој конкурс.

Пријавата со потребната документација потребно е да се достават во рок од 5 (пет) дена, сметано од последниот ден на објавувањето на јавниот конкурс во дневните весници, до архивата на Министерството за информатичко општество и администрација или по пошта на следнава адреса:

**Министерство за информатичко општество и администрација**
**бул. „Св. Кирил и Методиј "бр. 54, 1000 Скопје**
**Архивата на министерството**
**(со назнака „за јавен конкурс за избор на членови-независни експерти на НКБК)**
**Контакт број 02 3200 870**

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk